**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број 11-3383/1**
**20.11.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19 и 42/20), Државната изборна комисија на седницата одржана на 20.11.2020 година го донесе следното

**УПАТСТВО**
**за начин на гласање на избирачки места со помалку од 10 избирачи**

***„(3) Избирачко место не може да се определува за населено место во кое живеат помалку од десет избирачи и во ДКП каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.“ (член 165 став 3 од Изборниот законик)***

1. Државната изборна комисија, согласно податоците од заклучениот Избирачки список, констатира дека од вкупно 89 избирачки места во општините Штип и Пласница, во 4 ибирачки места се евидентирани помалку од 10 гласачи и тоа:

| БРОЈ НА ИЗБИРАЧИ | БРОЈ НА ИЗБИРАЧКО МЕСТО | ОПШТИНА | НАСЕЛЕНО МЕСТО |
|---|---|---|---|
| 5 | 2287 | ШТИП | СУДИЌ |
| 5 | 2289 | ШТИП | ДОБРОШАНИ, СУШЕВО и ТЕСТЕМЕЛЦИ |
| 6 | 2304 | ШТИП | ПИПЕРОВО |
| | | | |
| 9 | 275 | ПЛАСНИЦА | ДВОРЦИ |

2. Имајќи ја предвид законската одредба од член 165 став 3 од Изборниот законик, а со цел на секој граѓанин да му се овозможи да го оствари своето уставно загарантирано право на глас, на граѓаните од избирачките места од точка 1 од ова Упатство ќе им се овозможи да гласаат на најблиското избирачко место со над 10 избирачи. При тоа, таму каде е можно да се почитува законската одредба од член 166 став 1 од Изборниот законик.

3. Општинските изборни комисии од точка 1 на ова Упатство да не испраќаат избирачки одбори на избирачките места во кои се евидентирани помалку од 10 гласачи.

4. Гласањето за избирачките места со помалку од 10 гласачи да го спроведат избирачките одбори од најблиското избирачко место.

5. Навремено да се известат гласачите од избирачките места со помалку од 10 гласачи за местото каде можат да го остварат своето право на глас.

6. Се задолжуваат општинските изборни комисии од точка 1 на ова Упатство во соработка со подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија да го спроведат ова Упатство.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
Ditmire Shehu

*бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија*
*Тел. + 389 2 3244 744*
*e-mail: izbori@sec.mk*
*web: www.sec.mk*